Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 69/0306
07.04 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16-ти март 2023 година, врз основа на примена жалба од Богдан Илиевски ја донесе следнава

## М И С Л Е Њ Е

Текстовите во порталот „Народен глас„ (narodenglas.com) насловени: „Скандал – да реагира АВМУ: Бетмен велит и адвокатот Дуковски два часа на Алфа го бранеа и переа Латас а плукаа по Хелсиншки комитет што му правел линч на Латас!!!“ и „Амнестираниот хушкач Че Гевара од Али експрес, Бетмен велит цели два часа во студиото на Алфа ТВ го бранеше Латас и ги оцрнуваше сите оние кои му правеле хајка!“, отстапуваат од професионалните и етички стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 26 февруари 2023 година, Богдан Илиевски поднесе жалба за текстовите со наслов „Скандал – да реагира АВМУ: Бетмен велит и адвокатот Дуковски два часа на Алфа го бранеа и переа Латас а плукаа по Хелсиншки комитет што му правел линч на Латас!!!“ и „Амнестираниот хушкач Че Гевара од Али експрес, Бетмен велит цели два часа во студиото на Алфа ТВ го бранеше Латас и ги оцрнуваше сите оние кои му правеле хајка!“. Кратките текстови заедно со приказ од видеата од спорната емисија, се објавени на порталот „Народен глас“ на 26 февруари 2023 година.

Илиевски се жали на: Неточно и нефер известување, на дискриминација, мешање факти и мислења, вест и коментар, презумпција на невиност и заштита на сведоци и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Тој додава: „Не е точно дека сме го брането и переле Латас, точно е дека зборувавме за почетокот на правниот епилог (предлог обвинителен акт, охрабрен и од премиерот Ковачевски на говорница) итн итн. Постапката на Латас и Лазаров ја осудив бидејќи не се согласувам со таков јавен говор, како што не се согласувам и таков јавен говор да се стави во контекст на затворски казни од 1 до 5 години затвор. Бидејќи во Македонија секогаш ќе се најде некој како Рубин/Народен Глас кој ќе се самопрогласи за регулатор на јавниот говор кој единствено смее да „кара мајки и шајки“, а сите други со кои не се согласува веројатно ќе се соочат со казна затвор од 1 до 5 години .

Не се точни и други работи, дека „два часа“ сме се испотиле бранејќи го Латас, емисијата прво трае помалку од 100 минути, интервјуто трае 90-тина минути, а коментирањето на случувањата околу Латас/Лазаров интервјуто се 20-тина минути. Не е точно и дека Латас „признал групно силување“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи од порталот „Народен глас“ да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Но одговор не доби.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека во текстоте прекршен членот 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

**Член 13**: *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Комисијата не најде доволно елементи за да констатира повреда и на други членовите од Кодексот на новинарите и Насоките за онлајн известување, на кои упатува жалителот во претставката.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата на 16 март 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во содржината на текстот. Во текстовите практично со слични зборови се повторуваат нивните наслови.

Но како и во насловите, така и во текстовите се мешаат фактите со мислењата, веста со коментарот. Ако се погледне делот од емисијата посочен во жалбата, јасно е дека текстовите и насловите не коинцидираат со нејзината содржина.

Тоа на пример може да се констатира од следната содржина:
„Апелираме да реагираат од АВМУ за скандалот кој што се случи на Алфа ТВ. Бетмен заедно со адвокатот Дуковски цели два часа на Алфа ТВ го бранеа Латас и плукаа по Хелсиншки комитет што го линчуваа Латас за скандалот со јутјуберот Стефан Лазаров каде Лаки призна групно силување во замаглено фиќо!„

Дел од членовите на Комисијата се согласни дека спорната содржина не може воопшто да се третира како заокружен новинарски текст. И дека текстот всушност се состои од сензационалистички напишан наслов кој е само некаков тенденциозен коментар од типот „рекла казала“. Извлечено целосно од контекст. Оттука и гледањето дека не треба да има изјаснувања за жалбата.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595